Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Жаклина Гештаковска Алексовска од Скопје УП2 09-06/24 од 9 јануари 2024 година против Известување за одбивање на барање за надомест на штета на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 03-2745/1 од 21 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.
2. Известувањето за одбивање на барање за надомест на штета на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 03-2745/1 од 21 декември 2023 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Жаклина Гештаковска Алексовска од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-06/24 од 9 јануари 2024 година против Известување за одбивање на барање за надомест на штета на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 03-2745/1 од 21 декември 2023 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција).

Според жалителот – на 27.11.2023 имало прекин на испорака со големи осцилации на струја и повеќекратно исклучување и вклучување на струјата. Изгорел еден полнач за мобилен телефон со чад и искри, се расипала пумпата за подното греење и електронскиот дел од системот за греење на целата куќа, се расипал приемникот за интернет, телефонија и телевизија и најмалку 5 сијалици. Поради ова имале и сеуште имаат огромни трошоци, а веќе 2 месеци немаат греење во куќата. За време на увидот од ЕВН констатирале дека има проблем со разводната кутија, а сега тврдат дека немало дефект. Во прилог се доставени сметки за досега направените трошоци (11,450 денари). Поради тоа што електронскиот дел од системот за греење мора да се набави од Германија, потенцира дека сметката ќе биде за уште најмалку 20,000 денари повисока.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-06/24 од 9 декември 2024 година со прилог:

-Приговараното Известување

-Слики од мерниот ормар

-Работен налог за замена на прегорена електроника

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 18 јануари 2024 со прилог:

- Записник за увид на комисија по барање за оштета по основ на одговорност
- Барање за надомест на штета од 24 ноември 2023 година

и на истата се заклучи Електродистрибуција да достави Записник од извршен увид на терен.

На 6 март 2024 година Електродистрибуција достави одговор при што на седница одржана на 23 мај 2024 година Приговорот повторно беше разгледуван и на седницата се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави:

- Информација дали и од други корисници во реонот имало пријави за дефекти поради прекин во напојувањето со електрична енергија на денот кога подносителот на приговорот наведува дека имало прекин, односно да достави и Извештај од кол центарот за пријавени дефекти од тој период на денот.

-Записник од извршен увид на терен изработен од страна на електромонтерите.

На 29 мај беше доставен одговор но со Записник од друга локација, при што на седница одржана на 9 јули Приговорот повторно се разгледуваше и се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје дополнително да достави причина за дефектот и записник од точната локација.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на 16 јули 2024 година достави Одговор во кој наведе дека на адресата за која се однесува барањето за обештетување ул. Скупи бр. 5А не постои записник за пријава на дефект и интервенција, односно дека Записникот кој е доставен до Регулаторната комисија за енергетика е единствениот Записник кој го имаат во евиденција за тој реон, на тој датум.

На 6 август 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–06/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**